# ОПЛАТИН В

*Универзално емулгирано оплатно масло*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

За заштита на оплата при изведба на бетонски работи. Наменет за сите типови на оплата: челична, пластична и импрегнирана дрвена оплата.

## СВОЈСТВА

- Овозможува лесно одвојување на оплатата од бетонот;
- Не остава дамки на бетонската површина;
- Го подобрува квалитетот на бетонската површина;
- Мала потрошувачка;
- Не ослободува непријатна миризба;
- Едноставен за рачно и машинско нанесување (со распрскување);
- Еколошки производ.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | жолта течност |
| Густина | - | 0,95-1,0g/cm³ |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**
Површината на оплатата треба да биде сува, чиста и обеспрашена.
**ВГРАДУВАЊЕ**
Вградувањето се изведува со четка или машински со распрскување во слој со еднаква дебелина, при што се обезбедува целосно воедначено покривање на површината. По потреба материјалот може да се разреди со вода до 10%. Нанесувањето во подебели слоеви може негативно да влијае на изгледот на бетонската површина.
По нанесувањето Оплатин В треба да се остави одреден период (10-20min, во зависност од температурните услови) до потполно губење на бојата.
Бетонирањето треба да се изведе во период до 48h по нанесувањето на Оплатин В.
Температурата на оплатата, како и амбиенталната температура при вградување треба да биде во граница од 0-35˚C.

## ПОТРОШУВАЧКА

0,015-0,03kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода веднаш по употребата.



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk


ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ

## ПАКУВАЊЕ

пластични канти од 5kg и 20kg
пластични буриња од 180kg
контејнер од 900kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална затворена амбалажа, на температура од 5°C до 35°C, заштитен од директно сонце.
Рок на употреба 12 месеци.

ГРАДЕЖНИ ПРОИЗВОДИ

Опасност по здравјето: Оплатин В не содржи токсични материи, но и покрај тоа потребно да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожата, очите или да се проголта. Во случај на контакт со кожа или со очите, потребно е веднаш плакнење со чиста проточна вода. Доколку се проголта, потребно е да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Пожар: Оплатин В е незапалива течност. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Оплатин В се чистат со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип на отпад. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk